**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РОСОМАН**

**Арх.бр.12-703/9**
**од 05.04.2023 година.**

**До**
**Градоначалник на Општина Росоман**

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20) и донесената Програма за дополна на Програмата за изработување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Росоман за 2022 година, член 1, алинеја 2 со Одлука број: 08-572/1.2 од 01.11.2022 година, објавена во Службен Гласник на Општина Росоман бр11/22 донесена од страна на Советот на Општина Росоман, Градоначалникот на Општина Росоман го дава следното

## СООПШТЕНИЕ

### За спроведување на јавен увид по

### УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ ЗА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Е1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈА), НА КП 273/1 КО ПАЛИКУРА, ОПШТИНА РОСОМАН

**Член 1**

Се известуваат граѓаните на Општина Росоман дека се организира **Јавен увид** по **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за објекти со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели) на КП 273/1 КО Паликура, Општина Росоман,** со технички број **02-271/22 од Март 2023 година** изработен од Друштво за градежништво, трговија и услуги „НИМАЕР" – ДООЕЛ Струга.

**Член 2**

Проектниот опфат на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за објекти со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели) на КП 273/1 КО Паликура, Општина Росомане** опфатен во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се

изработени условите за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија, со технички број Y69522 од Февруари 2023.

Границите на планскиот опфат се:

- На север граничи со соседни парцели КП 271/2 и КП 265/2 КО Паликура;
- На исток граничи со соседни парцели КП 272/2 и КП 1214 КО Паликура;
- На југ граничи со КП 274/1 КО Рибарци
- На запад граничи со локален земјен пат

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува **7671,51 м2 или 0,7ха.**

Со овој урбанистички проект се планира градба на површински соларни и фотоволтаични електрани.

Во границите на планскиот опфат планирано е оформување на две нови градежни парцели согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти.

Парцелите се со следните класи на намена:
**Е – инфраструктури**
**Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични електрани**
**-пристапен пат**

Во рамки на градежната парцела се планирани поставување на Површински соларни и фотоволтаични електрани.

Пристапот до градежната парцела ќе се обезбеди со изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за пристапен пат до идните фотоволтаични електрани**.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РОСОМАН**

# ЈАВЕН УВИД

На **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за објекти со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели) на КП 273/1 КО Паликура, Општина Росоман,** со технички број **02-271/22 од Март 2023 година** изработен од Друштво за градежништво, трговија и услуги „НИМАЕР“ – ДООЕЛ Струга ќе **трае 15 (петнаесет**) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Росоман www.opstinarosoman.gov.mk во период од **07.04.2023 до 24.04.2023 година** за кое време може да се достават евентуални забелешки, секој работен ден од 08.00 до 16.00 во просториите на Одделението за Урбанизам при Општина Росоман.

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ОПШТИНА РОСОМАН

**Изработил:**
**м-р.инж.арх. Ана Несторова**

Ana Nestorova

Digitally signed by Ana Nestorova
Date: 2023.04.05 12:11:35 +02'00'

# А Н К Е Т Е Н   Л И С Т

**Број ________________**

**ОПШТИНА РОСОМАН**

Врз основа на член 62, став 10 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл.Весник на РСМ'' бр. 32/20), член 8 и член 22, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 113, став 20 од Статутот на Општина Росоман (Службен гласник на Општина Росоман бр.8/2005), Градоначалникот на Општина Росоман, организира **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објекти со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели на земја) на КП 273/1 КО Паликура, Општина Росоман со технички број 03-271/22 од Март 2023 година** изработен **од** Друштво за градежништво, трговија и услуги „НИМАЕР“ – ДООЕЛ Струга.

**Урбанистичкиот проект ќе биде изложен на официјалната веб страна на Општина Росоман и во системот е-урбанизам -** www.opstinarosoman.gov.mk, **https://www.e-urbanizam.mk.**

- Јавниот увид трае 15 дена, т. е. од **07.04.2023 до 24.04.2023 година**
- Податоците за граѓани и правни лица кои даваат забелешки:

(Пополнува граѓанин, односно правно лице)

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Физичко односно правно лице (назив на правно лице, име и презиме) | ______________________<br>______________________<br>______________________ |
| **2.** | Адреса, број на телефон и e-mail адреса: | ______________________<br>______________________<br>______________________ |
| **3.** | Адреса на објектот и опис на лока-литетот за кој се дава забелешка | ______________________<br>______________________<br>______________________ |

**ЗАБЕЛЕШКА:**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
____________________

**ДАТА** ______________

**М.П.**
**(за правни лица)** ______________

**СВОЕРАЧЕН ПОТПИС** ______________